Актуелни и поранешни претстав**ници на државните институции, политичките партии и граѓанските организации** дебатираа со околу **130 учесници на Националниот форум на Цивика мобилитас** на темата „**Од граѓански активизам до општествени промени – очекувањата наспроти реалноста**“, што се одржа на 15 ноември 2023 година во Скопје.




За искуствата како граѓански активисти, како претставници на институциите кои учествуваат во градењето политики и носењето одлуки, за тоа каква е соработката на властите со граѓанските организации и како таа може да се подобри, зборуваат **Фатмир Битиќи**, Заменик на претседателот на Владата за економски прашања, **Љатифе Шиковска**

, пратеничка во Собранието на РСМ,
**Петрит Сарачини**
, претседател на Институтот за медиуми и аналитика,
**Жанета Трајкоска**
, директорка на Институтот за комуникациски студии и
**Сашо Клековски**
, член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ.

„**Силно граѓанско општество е клучен елемент за демократија која добро функционира** “, рече во своето поздравно обраќање **Лусјен Егертер** (Lucien Aegerter), **Заменик амбасадор на Швајцарија**
во РСМ. Според него, таквото граѓанско општество ги поврзува луѓето со носителите на одлуки, застапува за промени кои се ориентирани кон граѓаните, им дава глас на маргинализираните и ги следи перформансите на државните институции. „Како Швајцарец,
**знам дека консултациите и инклузијата бараат време**
. Често слушам дека нема доволно време, ресурси или знаење за да се осигура адекватна консултација, Мојот одговор на ова е едноставен: демократијата е инклузија, консултации, транспарентност и градење консензус. Нема скратен пат“, рече Егертер.


МЦМС
МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА
HOTEL


МЦМС
МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА


Građani za prom
Bãnãtorlji ti
daş Değişme
тмир Битиќи

[illegible]


Љатифе Шиковска
Пратеничка во Собранието
Петрит Сарачини


Петрит Сарачини
Поранешен координатор на
Одделение за медиумски мониторинг
при Владата


Жанета Трајкоска
Директорка на Институтот за
комуникациски студии


Жанета Трајкоска
Директорка на Институтот за комуникациски студии
Сашо Клековски
Член на ИК на ВМРО ДПМНЕ




CIVICA
MOBILITAS
Citizens for change!
WWW.CIVICAMOBILITAS.MK
Citizens for change!
Граѓаните за промена!
МЦМС